Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2602-66/6 од 18 април 2011 година, донесена на 50. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 18 април 2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање ***помлад асистент/асистент*** за наставно-научното поле ***туризам и угостителство*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм“, на 4 април 2011 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Татјана Џалева.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Татјана Џалева** е родена на 4 февруари 1986 година во Гевгелија. Основно и средно образование завршува во Богданци, со континуиран одличен успех.

Во 2004 година се запишува на Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола, Економски факултет во Прилеп, на насоката Маркетинг менаџмент. Дипломира на 4 септември 2008 година, со просечен успех 9,42, стекнувајќи се со звање дипломиран економист. Од почетокот, па сѐ до крајот на студиите е корисник на стипендијата за талентирани студенти од Министерството за образование. Како резултат на одличните постигнувања за време на студирањето, доделена ѝ е пофалница за постигнат висок успех при завршувањето на студиите на Економскиот факултет. По дипломирањето се запишува на постдипломските студии Меѓународна економија и бизнис при Економскиот факултет во Прилеп. Со просечна оценка од 9,67, на 28 јуни 2010 година ја одбранува магистерската теза со наслов „*Олеснување на трговијата и ефектите врз развојот на бизнисот во Р. Македонија*”, изработена под менторство на проф. д-р Славица Роческа, и се стекнува со академски степен **магистер по меѓународна економија и бизнис**.

Во тек е изработката на докторската дисертација со тема „*Влијанието на девизниот курс врз надворешно-трговската размена во мала и отворена економија – Република Македонија*”, под менторство на проф. д-р Глигор Бишев, при Економскиот факултет во Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски” – Битола.

Од академската 2007/2008 година до октомври 2009 година е ангажирана како демонстратор на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски” – Битола, при што активно учествува во реализацијата на вежбите по предметите: Однесување на потрошувачите, Меѓународен маркетинг, Канали на дистрибуција, Маркетинг истражување, Бизнис логистика и Европска економска интеграција.

Во академската 2010/2011 година е ангажирана како волонтер на Факултетот за туризам и бизнис логистика и, согласно со Договорот за волонтерска работа со Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, успешно ги реализаира сите задолженија, при што покажува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и реализирање на оперативните задачи.

Одлично ги познава и активно се служи со англискиот и францускиот јазик, како и со грчкиот јазик (пасивно). Исто така, има одлични познавања од Windows XP Professional, Microsoft Office XP, Internet.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Добиените теоретски сознанија, м-р Татјана Џалева, ги применува во научноистражувачката дејност, при што објавува бројни трудови во специјализирани списанија и нив ги презентира на домашни и на меѓународни конференции и семинари.

Научниот интерес на кандидатката е од областа на меѓународните финансии и покажува завиден интерес за научна и стручна работа. Тоа јасно се гледа од материјалите доставени до Комисијата, презентирани преку список на награди, признанија, сертификати, вклученост во проекти и список на објавени трудови.

***Учество на симпозиуми, конференции и семинари***

- Студентскиот симпозиум за стратегиски менаџмент, Бор, 2006.
- Учество на 3rd International Conference on Entrepreneurship, Innovationand Regional Development, Нови Сад, Србија, мај 2010.
- Учество на VI May Conference on Strategic Management, Кладово, Србија, мај 2010.
- Учество на Меѓународна научна конференција “The economy and business in post-recession”, Универзитет „Св. Климент Охридски” - Битола, Економски Факултет - Прилеп, Р. Македонија, октомври 2010.
- Сертификат од Institute for Cultural Diplomacy (Given under the seal of the Institute in the presence of Mark Donfried – Director and Founder) за соработка во програмата на Меѓународниот конгрес за економија во Берлин, Германија, март 2011.
- Учество на Меѓународен научен конгрес за туризам и менаџмент, Скопје, Македонија, април 2011.

***Научни и стручни трудови***

1. ***”Strategic management”,*** II Majska konferencija o strategijskom menadžmentu, Универзитет во Белград, Технички факултет- Бор, 2006.
2. ***“Social Networking as Driver of EICs formation”,*** Меѓународна конференција - ICEIRD , Нови Сад, Србија, мај 2010.
3. ***”Mind mapping for business planning and marketing plans”*** , VI Majska konferencija o strategijskom menadžmentu, Универзитет во Белград, Технички факултет - Бор, Србија, мај 2010 (коавторство).
4. ***“Managing the outsoursing activities in Balkan economies”,*** VI Majska konferencija o strategijskom menadžmentu, Универзитет во Белград, Технички факултет - Бор, Србија, мај 2010 (коавторство).
5. ***„Олеснување на трговијата и ефектите врз развојот на бизнисот во Р. Македонија”***, магистерски труд, под менторство на проф. д-р Славица Роческа, одбранет на Економски факултет -Прилеп, јуни 2010.
6. ***“Redesigning the international financial architecture for building up safer economic system”***, Меѓународна научна коференција „Економијата и бизнисот во пострецесискиот период”, Економски факултет - Прилеп, 2010 (во коавторство).
7. ***“Globalization, Trade And Business”***, INTERNATIONAL CONFERENCE for Economic & Social Challenges and Problems 2010 - “Facing Impact of Global Crisis”, Економски факултет – Тирана, Албанија, декември 2010 (коавторство).
8. ***“Relationship between tourism policy, place image and business investments”*** Меѓународен економски конгрес “*An International Conference on the Future of Nation Branding, Tourism, and International Investments in a Globalized World”,* Берлин, Германија, март 2011(коавторство).
9. ***“Entrepreneurship in tourism industry lead to business benefits”***, Second Biennial International Scientific Congress of Tourism and Management , Факултет за туризам и менаџмент, Скопје, Македонија, април 2011(коавторство).

10. *“Management of animation in tourism”*, Меѓународна конференција – Management of Tourism and Entertainment – MTE, Софија, Бугарија, април 2011 (коавторство).
11. ***“Rural tourism: an opportunity for rural development in Republic of Macedonia”***, International Scientific Conference-“Fostering Development of Agriculture in Albania through Improved Employment of Agricultural Resources”, Faculty of Economy and Agribusiness of Agricultural University of Tirana in cooperation with Hawai University at Manoa, USA, and German Association for Technical Cooperation (GTZ), Tirana, Albania, 2011 (коавторство).

***Учество во проекти, работни групи и обуки:***

– Диплома за учество во проект „Перикле” – “Προσχέδιο Περικλής – Η διδασκαλήα της σύγγχρονης Ελληνικής γλώσσες είναι διδασκαλήα της γλώσσα τον γειτονικού λαού μας”, проект на УНЕСКО, Министерство за образование и наука на Р. Македонија, 2003.
– Посета на Економски факултет во Белград, Србија (студентски претстој), ноември 2005 г.
– Посета на Економски факултет во Загреб, Хрватска (студентски претстој), ноември 2006 г.
– Добиен Сертификат за комплетирање на курсот Integrated Marketing Communication, одржан од страна на Robert Lauterborn PhD, University of North Carolina, Chapel Hill U.S.A, 2006.
– Учество на INTERNATIONAL SUMMER UNIVERSITY MACEDONIA проект во организација на АТА (невладина организација), Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, Р. Македонија, 10-28 јули 2006 г.
– Учество во едукативната програма и Сертификат за професионална обука „Менаџирање и заштита на природната средина” (проект „Меѓународна соработка помеѓу Грција и Македонија”, во рамките на мерката 2.3 од К.Р. INTERREG III/A програма за соработка меѓу соседите, Солун, Грција,15 септ. – 8 окт. 2008 г.
– Учество во TEMPUS проект на Wirtschaftsuniversität Wien – *Vienna University of Economics and Business (30 june – 16 july, 2009)*.
– CERTIFICATE from the School of Foreign Languages and Computing ***Logos Oxford*** for “**English Language** at an *upper-intermediate level* according to the international categorization of four levels which corresponds with **Level 2** from the *ALTE* categorization or **B1** from the *Counsil of Europe* categorization”, Скопје, 28 септември 2010 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Татјана Џалева ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на соработник во звање помлад асистент при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Кандидатката има соодветно образование, многубројни признанија и се афирмирала преку научните и стручни трудови објавени во земјава и во странство.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да ја избере м-р Татјана Џалева за **помлад асистент по наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Билјана Петревска, доцент, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Нако Ташков, доцент, член, с.р.**
**Доц. д-р Никола Димитров, доцент, член, с.р.**